**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски” бр.1*2210 Пробиштип
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Бр. 10–3/3 од 09.01.2024 год.**
**Пробиштип**

Врз основа на член 50 став (3), (4), (5) и (11) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ"бр. 32/20, год.) и донесената Годишна програма за урбанистичко планирање на Општина Прбиштип за 2024 година, со Одлука Бр. 26-1097/15 од 17.11.2023 год., објавена во „Сл.Гласник на Општина Пробиштип Бр.14/23 год., донесена од страна на Советот на Општина Пробиштип, Градоначалникот на Општина Пробиштип го дава следното

## С О О П Ш Т Е Н И Е - П О В И К

**за спроведување на ПОВТОРНА Јавна презентација и Јавна анкета по Предлог план за Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Урбан Блок 11, Урбан модул 4, КО Пробиштип, Општина Пробиштип**

### Член 1

Се известуваат граѓаните на Општина Пробиштип дека се организира ПОВТОРНА Јавна презентација и Јавна анкета по **Предлог план за Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Урбан Блок 11, Урбан модул 4, КО Пробиштип, Општина Пробиштип**, со Тех. Број 23/2021 од јануари 2024, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА" Скопје.

### Член 2

Опфатот на Измената и дополната на Деталниот урбанистички план за дел од урбан блок 11, Урбан модул 4 на Град Пробиштип се наоѓа во југо-западниот дел на градот.

Границата на Урбаниот модул 4, дел од Урбан блок 11, се движи по осовините на следните улици:

- на источната, североисточната и југо-источната страна по ул.“Гоце Делчев“;
- на јужната страна по дел од ул.“Јаким Стојковски“;
- на западната и северо-западната страна по дел од ул.“Јордан Стојанов“;

односно граничи со следните урбани блокови според ГУП на Град Пробиштип:

- на **север** со УБ 15.3 и 15.2;
- на **исток** со УБ 10.3;
- на **југ** со УБ 11.3 и 11.1;
- на **запад** со УБ 14.2.

Согласно опишаните граници за Измената и дополната на Деталниот урбанистички план за дел од урбан блок 11, Урбан модул 4 на Град Пробиштип, вкупната површина на планскиот опфат изнесува **5.09 ha**.

Планскиот период на измената и дополната на Деталниот урбанистички план за дел од урбан блок 11, Урбан модул 4 на Град Пробиштип се предвидува да го опфати периодот од 2021 до 2026 година. Просторот опфатен во урбаниот модул е во рамките на градежниот реон на центарот на Град Пробиштип, третиран со генералниот урбанистички план.

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски” бр.12*210 Пробиштип
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
*www.probistip.gov.mk  info@probistip.gov.mk*

Поточно, се работи за дел од Урбан блок 11, Урбан модул 4, согласно поделбата дефинирана со ГУП на град Пробиштип.

Планската документација е изработена во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ, број 32/20). Согласно член 25 пристапено е кон изработка на измените и дополната на Деталниот урбанистички план. Површината на планскиот опфат на дел од Урбан блок 11, Урбан модул 4 е дефинирана во Генерален урбанистички план за град Пробиштип за плански период 1995-2005 година со Одлука бр.08-335/2 од 03.10.1997 год.( Службен гласник на Општина Пробиштип, бр.9/1997 год.) и “Детален урбанистички план за УБ 11.4, УМ4“ донесен со Одлука бр.07-834/4 од 03.11.2006 год. (“Сл.гласник на о.Пробиштип“ бр.16/2006). Со истиот е извршена измена и дополна и дадено е планско решение за наменската употреба на неизграденото земјиште и просторен развој на дел од постојните намени. Планот е усогласен со најновата законска регулатива како што е Правилникот за урбанисичко планирање (Сл.весник на РСМ, број 225/20).

Во планскиот опфат предвидени се следните класи на намени:

- А – ДОМУВАЊЕ
  - А1-Домување во куќи
  - А2-Домување во згради
- Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
  - Б1 –Мали единици за комерцијални и деловни дејности
  - Б2 - Згради за трговија
  - Б4 -Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради
- В – ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ
  - В1 – Образование и наука
    - В1.1- Образование и наука-Основно образование
    - В1.2- Образование и наука- Средно образование
  - В2- Здравствена и социјална заштита
    - В2.7- Институции за социјална заштита
  - В4 – Државни администрации и институции
    - В4.6 – Управи, дирекции, заводи, агенции
- Д – ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ
  - Д1-Парковско  зеленило
  - Д2-Заштитно и сообраќајно зеленило
  - Д3-Спорт и рекреација на зелени површини
- Е - ИНФРАСТРУКТУРА
  - Е1- Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
  - Е2-Згради и комплекси на инфраструктурни системи

Планскиот опфат е дефиниран како урбан модул кој се состои од повеќе  градежни парцели и градежно земјиште за општа употреба.

На ниво на урбаниот модул дел од блок 11.4 како доминантна намена одредена со ГУП на Град Пробиштип 1995-2005 е групата на класи на намени:

- **А – Домување**
- **Б – Комерцијални и деловни намени**

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски" бр.12210 Пробиштип*
*Тел.:032/483-131; факс:032/483-047*
*www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk*

- **В – Јавни дејности и институции**

со можност за вградување на компатабилни класи на намена на основните согласно Правилникот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ", број 225/20).

ПОВТОРНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА
**со стручно презентирање на**

**Предлог план за Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Урбан Блок 11, Урбан модул 4, КО Пробиштип, Општина Пробиштип**, со Тех. број 23/2021 од јануари 2024, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА" Скопје, ќе се одржи на ден **25.01.2024 год.** (четврток), со почеток во **12.00** часот во салата на Советот на Општина Пробиштип, во Домот на културата - Пробиштип.

ПОВТОРНА ЈАВНА АНКЕТА

**По Предлог план за Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Урбан Блок 11, Урбан модул 4, КО Пробиштип, Општина Пробиштип**, со Тех. број 23/2021 од јануари 2024, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА" Скопје, ќе трае **12** (дванаесет) **работни дена** и во електронска и во писмена форма, секој работен ден од **7.30** до **15.30** часот во просториите на Одделението за Урбанизам при општина Пробиштип, во периодот од **10.01.2024 год.** до **26.01.2024 год.**, во кој период заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на **анкетните листови**, кои можат да ги подигнат од Општинскиот центар за услуги (шалтерот) во зградата на кино салата, и од *web* страната на Општина Пробиштип, или во електронска форма преку информацискиот систем *e-urbanizam.* Во прилог на анкетните листови да се достави копие од катастарски план и имотен лист за парцелата за која се доставува забелешката.

**Графичкиот прилог** од Предлог план за Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Урбан Блок 11, Урбан модул 4, КО Пробиштип, Општина Пробиштип, ќе биде изложен на огласна табла пред влезот на Општинскиот центар за услуги (шалтерот) во зградата на кино салата, објавен во информацискиот систем *e-urbanizam* и на *web* страната на Општина Пробиштип *www.probistip.gov.mk*, а подетални информации во врска со горенаведениот план може да се добијат во Одделението за урбанизам на Општина Пробиштип, кое се наоѓа во просториите на зградата на кино салата на вториот кат.

Изготвил: Ј.Дукоска дипл.инж.арх. JORDANKA DUKOSKA
Digitally signed by JORDANKA DUKOSKA
Date: 2024.01.10 09:49:44 +01'00'

Одобрил: Б.Станојковски дипл.инж.арх.

Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Date: 2024.01.10 10:38:59 +01'00'

**м.п.**

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Градоначалник,**
**Драган Анастасов**

Dragan Anastasov
Digitally signed by Dragan Anastasov
Date: 2024.01.10 10:45:44 +01'00'